Република Северна Македонија
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА

ОКСЗД

Republika e Maqedonisë së Veriut
KOMISIONI I PARANDALIMIT DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

Архивски број: 08-477/2
20-09-2022 Година

Постапувајќи по претставката бр. 08-477/1 од 16.09.2022 поднесена од лицето [redacted] во име на [redacted] од СВР Битола, против [redacted] ВД Началник на СВР Битола за сторена дискриминација, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа на член 40, став 6 од Законот за општата управна постапка (Службен Весник на Р.С. Македонија 124/2015 од 23.07.2015, 65/2018 од 12.04.2018), а согласно член 21, став 1 точка 14 и член 27, став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација (Службен Весник на Р.С. Македонија бр. 258/2020 од 30.10.2020), на 30.03.2022 го донесе следното

# РЕШЕНИЕ

## за отфрлање на претставка заради ненадлежност

**СЕ ОТФРЛА** поднесената претставка за заштита од дискриминација поради тоа што постапувањето по адресираниот проблем во претставката не спаѓа во рамките на законските надлежности на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација.

## Образложение

На 16.09.2022 година, до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација беше доставена претставка за заштита од дискриминација од страна на лицето [redacted] во име на [redacted] од СВР Битола против [redacted] ВД Началник на СВР Битола.

Во поднесената претставка е наведено дека лицето [redacted] ВД Началник на СВР Битола пред цела јавност е снимен лично како насилнички се однесува кон присутните граѓани на прославата за Илинден на Мечкин Камен. Наведено е дека истиот е насилен, се заканувал и направил повеќе прекршоци и кривични дела заедно со останатите полициски службеници околу него. Подносителот наведува дека лицето [redacted] ВД Началник на СВР Битола направил и повреда на ЗКП, ЗВР и законот за полиција и членот 16 од Уставот на РСМ.

Понатаму, неколку дена после Илинден во просториите на СВР Битола поточно во канцеларијата на ГИ за сообраќајни работи [redacted] ВД Началник на СВР Битола физички го нападнал Началникот на одделение за полиција [redacted] и го навредил и омаловажил пред останатите присутни во објектот.

После разгледувањето на наодите од претставката, Комисијата одлучи дека **постапувањето по адресираниот проблем не спаѓаат во рамките на законските надлежности на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација.**

Во членот 6 од Законот за спречување и заштита од дискриминација (Сл. Весник на РСМ бр. 258/2020 од 30.10.2020) дискриминацијата се дефинира како секое разликување, исклучување, ограничување или давање првенство што се заснова на дискриминаторска основа, со сторување или не сторување, што имаат за цел или резултат спречување, ограничување, признавање, уживање или остварување на правата и слободите на одредено лице или група врз еднаква основа со други.

Во членот 21 од истиот закон таксативно се набројани законските надлежности на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, согласно кои Комисијата нема надлежност да постапува и одлучува за повреда на Закон за кривична постапка.

Согласно наведеното, а врз основа на член 40, став 6 од Законот за општата управна постапка јавниот орган кој ќе утврди дека не е надлежен за работа по примен поднесок, службеното лице на овој орган ќе го предупреди на тоа подносителот и ќе го упати до јавниот орган надлежен за прием. Следствено на тоа, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација го упатува подносителот на претставка, наведените неправилности во претставката да ги пријави во Јавно обвинителство и внатрешна контрола.

Скопје 19.09.2022

Комисија за спречување и заштита од дискриминација

Претседател
Кире Василев

**Правна поука:** Ова решение е конечно, а против истото може да се поднесе тужба за поведување на Управен спор пред надлежен суд. Тужбата за поведување на управниот спор се поднесува во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

Доставено до:
[redacted]